**ЗАПИСНИК**
**од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 21.02.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи (оправдано отсутен)

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Арменд Гаши од ТВ 21, Михајло Донев од Слободен печат и Фиљана Кока од МТВ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 9 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски најави дека г-дин Фетаи нема да биде присутен на седницата затоа што патувањето во странство кое го планирал за минатата недела го одложил за денес и утре, така што неговото отсуство ќе биде оправдано. Во врска со предложениот дневен ред, информира дека под Точката 3 ќе се разгледуваат 3 предлози за покренување на постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување на радиодифузери и во Точка 4 првично имаше 4 предлози но во текот на вчерашниот ден уплата изврши една помала телевизија и сега ќе бидат 5. За петтиот предлог членовите на Советот материјалот го имаат добиено по меил и во хартиена форма.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 15.02.2019 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.02.2019 година.
3. Предлози за покренување на постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување на радиодифузери.
4. Предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување на радиодифузери.

5. Предлог-заклучок во врска со рокови и редослед на изрекување мерки.
6. Писмен извештај за извршен програмски надзор бр.10-5601/1 од 28.12.2018 година со Писмено изјаснување од ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип.
7. Разно.

Г-дин Петрушевски по усвојување на Дневниот ред, објасни дека се`уште нема да има продолжение на 8-та седница од причина што на седницата на Собрание во понеделникот не беше констатирана оставката на г-ѓа Јовановска и ќе се почека уште некое време. Се надева дека ваквата состојба нема да оди до бескрај.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 15.02.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа Предлог-записникот од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.02.2019 година.

Г-дин Фиданоски рече иако не е сигурен дали е стандард така да се пишува, но не е правописно износот на сумата кога се пишува со зборови, сите зборови на бројките да бидат споени. Мора зборовите за секоја бројка меѓу себе да се одделат. Тоа беше неговата техничка забелешка за следниот пат.

Г-дин Трајчев објасни дека на таков начин бројките запишани со зборови ги пишуваат и нотарите и останатите од причина да нема забуни во просторот између зборовите, да нема можност нешто да се додаде или одземе. Појасни дека секогаш вака се пишува официјално, кога се прават нотарски акти или слични документи.

Г-дин Петрушевски објасни дека сите фактури од кога работи во Град Скопје, бројката кога е пишана текстуално секогаш е споена.

Г-дин Фиданоски рече дека очигледно е дека треба да се поработи во институциите за македонскиот јазик како правописно треба да се напише. Не говори само за Агенцијата, туку за сите институции генерално, затоа што ако е така тоа е грешка, важна е бројката а внатре зборовите кои одат во заграда треба да бидат одвоени. Понатаму рече дека нема да навлегува со дискусија и нема да побара корекции.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Предлог-записникот од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.02.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски објасни дека има 3 предлози за покренување на постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување за РАДИО ФАМА, ТВ

ШУТЕЛ и ТВ ГУРРА. Отвори општа дискусија за трите радиодифузери, и објасни дека ќе се гласа поединечно за секој од нив. Основот за покренување на постапката е поради тоа што во законски предвидениот рок не е платен годишниот надоместок за дозволата. До Стручната служба посочи навремено да ги информираат трите радиодифузери кога им истекува последниот рок од дополнителните 15 дена за да го платат надоместокот.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРДД РАДИО ФАМА ДОО Тетово, бр.08-132 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-977 од 18.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2019-100-0100 од 10.01.2019 година и книжното одобрение бр.023/2019 од 08.02.2019 година заклучно со 15.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРДД РАДИО ФАМА ДОО Тетово, не извршил уплата во износ од 21.202,00 (дваесетиеднаилјадаидвестаидва) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТДРДД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-976 од 18.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според доставената ф-ра бр.2019-100-0015 од 10.01.2019 година заклучно со 15.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТДРДД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, не извршил уплата во износ од 718.926,00 (седумстотинииосумнаесетилјадииеветстотинидваесетишест) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, бр.08-58 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-975 од 18.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според доставената ф-ра бр.2019-100-0034 од 10.01.2019 година заклучно со 14.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, не извршил уплата во износ од 61.432,00 (шеесетиеднаилјадаичетиристотинитриесетидва) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во врска со предлозите за запирање на покренатите постапки за одземање на дозволата за ТВ Спектра Општина Лабуништа, ТВ-АНИСА од Пласница, УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО од Штип, ТВ Дибра од Дебар и ТВ ЗДРАВКИН од Велес објасни дека сите тие го платиле годишниот надоместок. За сите нив отвори општа дискусија, а потоа како и секогаш рече дека ќе се гласа поединечно за сите еден по еден. Рече дека дел од радиодифузерите веќе се навикнале вака да постапуваат, но Советот ќе постапи според Законот и ќе ги запре петте покренати постапки. Се надева дека овие радиодифузери следната година ќе имаат подобри финансиски услови и дека нема да дојдат во ваква состојба.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ, објасни дека за сите наведени радиодифузери на 15.02.2019 година беше започната постапка бидејќи не го платиле надоместокот. Во меѓувреме сите во целост го платија надоместокот и затоа се предлага да се запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување, на ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ по Предлогот бр.08-57 од 13.02.2019 година.

На 11.02.2019 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 45.836,00 (четириесетипетилјадииосумстотинитриесетишест) денари и на 15.02.2019 година изврши уплата во износ од 45.000,00 (четириесетипетилјади) денари со што ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување, на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница по Предлогот бр.08-59 од 14.02.2019 година.

На 18.02.2019 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 51.178,00 (педесетиеднаилјадаистоседумдесетиосум) денари со што ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување, на Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ Штип, по Предлогот бр.08-62 од 14.02.2019 година.

На 19.02.2019 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 8.741,00 (осумилјадиiседумстотини¬четириесети¬еден) денар со што Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ Штип годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување, на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар по Предлогот бр.08-63 од 14.02.2019 година.

На 18.02.2019 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 52.673,00 (педесетидвеилјадиишестотиниседумдесетитри) денари со што ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување, на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, по Предлогот бр.08-64 од 14.02.2019 година.

На 20.02.2019 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 75.419,00 (седумдесетипетилјадиичетиристотиниидеветнаесет) денари со што Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Петрушевски во однос на Предлог-заклучокот во врска со рокови и редослед на изрекување мерки, објасни дека се однесува на тоа како ќе го имплементираат членот 23, во поглед на рокови и редослед на изрекување мерки. Потсети дека минатата недела имале дискусија по ова прашање и во материјалите е доставен конкретен предлог.

Г-дин Трајчевски објасни дека предложениот заклучок го отсликува она што начелно беше договорено минатата недела по завршување на седницата. По констатирање за прв пат прекршување на одреден член по Законот, Советот ќе изрекува мерка - јавна опомена, а за секој нареден прекршок ќе се поведе прекршочна постапка. Доколку во текот на календарската година биде изречена мерка јавна

опомена за одреден прекршок и тој не се повтори, следната година при повторно прекршување на ист член од Законот да не се кумулира прекршувањето туку да се изрече повторно јавна опомена.

Г-дин Петрушевски рече дека во предлогот конкретно не е пишано до кога овој заклучок ќе има важност. Пишано е дека ќе важи за 2019 година, но не е точно наведено дека ќе важи до донесувањето на подзаконски акт од страна на новиот Совет на Агенцијата. Ова г-дин Трајчев неофицијално му го кажал, и затоа му даде збор.

Г-дин Трајчев рече дека минатиот пат дискутирале за оваа правна состојба која настанала со донесување на новиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Има ситуација каде што во претходниот Закон е предвидено дека во текот на годината доколку е изречена јавна опомена, следната мерка е започнување на прекршочна постапка. Но, со новиот Закон законодавецот тоа го испуштил, односно не го ставил. Дали тоа е така намерно направено, дали веројатно целта е да не се прекратува следната година, и смета дека Советот не може да донесе ваков Заклучок каде што тоа ќе го гледа календарски. Кога има ситуација кога новиот Закон е влезен на сила на 08.01.2019 година, практично правата што се стекнати со стариот Закон, а кој важел до крајот на годината, престануваат основите да важат, почнува нова календарска година. Тие радиодифузери кои во текот на 2019 година ќе сторат повреда, затоа што претходниот Закон тоа право им го дал, ќе се смета дека се започнува со опомена, но тоа е само сега овој момент, во оваа година, тоа не значи дека наредната календарска година ќе биде така. Второ, не значи дека во подзаконските акти што ќе ги донесе наредниот состав на Советот кој што се предвидени со овој Закон ќе биде така. Тие понатаму со подзаконските акти може да го допрецизираат Законот, односно да ги регулираат работите кои не се регулирани. Сега, како Совет, не можат со Заклучок да кажат дека тоа важи за една календарска година, може да се каже дека во случај на примената на новиот Закон ќе се започне од почеток затоа што стапи во сила на почеток на годината. И таква беше дискусијата што ја имале минатиот пат и дека ќе важи до донесување на подзаконските акти на новиот состав на Советот согласно новиот Закон.

Г-дин Петрушевски го праша г-дин Трајчев дали има конкретен предлог како да ја модифицираат точката 3 од Заклучокот или да се додаде нова точка?

Г-дин Трајчевски објасни дека тоа што го зборувал г-дин Трајчев е напишано во заклучокот дека ќе се однесува за 2019 година, а и така да е како што кажал г-дин Трајчев, ова важи само за оваа година, следната година нема тоа да важи.

Г-дин Трајчев рече дека има забелешка на текстот односно „прекршочна постапка за сите наредни прекршувања во иста календарска година". Едноставно вака се носи заклучок каде што се утврдува начинот на работа и не е соодветно на тоа што се разговарало на седницата. Идејата беше тоа да се прави до донесување на подзаконските акти, на начин што од почеток ќе се изрекуваат јавни опомени затоа што стариот Закон го даде тоа право и важеше и во текот на 2019 година, што значи започнуваат од почеток во таа календарска година да се сметаат казните. Тоа беше идејата на разговорот.

Г-дин Трајчевски рече дека пак се оди со прва мерка јавна опомена, втората мерка, третата и четвртата се прекршочни. Прво се оди со јавна опомена и тоа го дискутирале минатиот пат и уште три нови состави на Совет да се изберат, не може

прва мерка да биде прекршочна постапка, ќе биде јавна опомена, но понатаму, втората, третата односно наредниот прекршок на истиот Закон да биде прекршочна постапка и тоа е ставено во заклучокот.

Г-дин Петрушевски рече дека размислува за рокот за кој дискутирале, за важност за 2019 година. Но ако теоретски се избере новиот Совет на Агенцијата крајот на мај или јуни оваа година, во Законот пишува дека тие имаат обврска во текот на 60 дена да ги донесат сите потребни подзаконски акти. Законот налага и ова што тие го донеле да го изменат. Но, за да се осигураат, она што го кажал г-дин Трајчев, може да се напише во продолжение на Точка 3 - Начинот на изрекување мерки од став 2 ќе се применува и за евентуалните констатирани прекршувања со надзорите реализирани во 2019 година по изречените мерки опомена во 2018 година" и да се додаде – „и ќе важи до донесување на новите подзаконски акти на новиот Совет на Агенцијата".

Г-дин Фиданоски рече дека Советот може да отвори дебата кога мисли дека новиот Совет ќе биде избран, меѓутоа овој правен акт што треба да го донесат, заклучокот, не може хипотетички да размислуваат. Значи теоретски новиот Совет може да не биде избран во текот на 2019 година. Смета дека ќе се избере, но 2/3 мнозинство што се бара според Законот, праксата покажала дека многу тешко се обезбедува во Собранието, освен во исклучителни случаи. Така што не може да се знае дали тоа ќе биде обезбедено оваа година или пак следната. Според содржината на заклучокот гледа дека ќе важи за 2019 година и да не се избере новиот состав, следната година ќе донесат нов заклучок, кој ќе важи за следната година. Ако биде изгласан и биде избран, новиот Совет во тие 60 дена ќе ги донесе новите подзаконски акти и по автоматизам овој заклучок ќе биде заменет со новите подзаконски правни акти.

Г-дин Трајчевски, рече во Точка 3, воопшто не се однесува дека важи за 2019 година, туку се поврзува со прекршочните, како на пример оние што се случиле во 2018 година, а за кои повторно има констатирано прекршувања, и ова претставува врска за надзорите што се направени во 2018 година, а сега со контролен надзор ќе се констатира дека пак има прекршување. Тоа што претседателот сака да го стави треба да биде нова точка, дека заклучокот ќе важи до, на пример 31.12.2019. Посочи дека во ниеден правен акт не пишува до кога важи, важи до кога истиот не биде сменет и додека не биде донесен друг. Во новиот ЗААВМУ не пишува дека важи до 2021 година, ќе важи додека законодавецот или тој што го носи Актот не го смени или не донесе нов.

Г-дин Петрушевски рече дека 2019 година е опфатена во Точка 1, каде што важи една календарска година, со што значи дека 2019 е целата опфатена со ова.

Г-дин Фиданоски, рече дека во духот на дискусијата која ја имале минатиот пат и сега, праша дали идејата е да се покаже еден вид добра волја, да се ресетира и наново да почне да се брои затоа што новиот Закон стапи во сила првите денови од оваа година? Затоа што, да не биде дека сега сè како во заседа, па петтата година од кога ќе ја направи истата грешка па да го казнат како регулаторно тело со прекршочна. Значи се применува праксата од досега што е применувана и така да се продолжи. А новиот Совет кога ќе биде избран, во подзаконскиот акт како ова ќе го реши, тоа е друго, не може да зборуваат однапред и да прејудицираат.

Г-дин Трајчев рече дека ова вака како што е формулирано нема да може да го гласа, од причина што утврдуваат јавна опомена доколку прекршокот е сторен за

првпат, не пишува во Законот никаде така, не пишува дека во иста календарска година се изрекува прекршок, тоа е од старото законско решение, во новото нема таква работа.

Г-дин Петрушевски го праша г-дин Трајчев дали има друг предлог како ова да се формулира или е само против овој заклучок?

Г-дин Трајчев рече дека тоа што сакаат да го донесат е дека, што и според Закон по него е така, дека стариот Закон предвидува дека во текот на една календарска година, таа календарска година во 2018 е истечена, со стапување во сила на новиот Закон 2019, 8 јануари, веќе тие радиодифузери на кои им е изречена некаква опомена, почнуваат од почеток да се пресметуваат, затоа што стариот Закон веќе го анулира тоа. Да беше новиот Закон донесен во декември, тогаш ќе беше дискутабилно, затоа што тоа е друга ситуација. Но, кога е веќе во јануари, кога истекла годината и кога по стариот Закон им престанува мерењето во текот на таа календарска година, со новиот Закон започнува од почеток и толку. Формулацијата овде што е дадена не е соодветна на тоа што го кажува.

Г-дин Петрушевски го праша што предлага, дали ова воопшто да не се усвои и така да остане или сака нешто да се измени?

Г-дин Трајчев рече дека треба да биде соодветен и дека овој заклучок треба да се преработи.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска, објасни дека согласно Законот во секој извештај, организационите единици што прават мониторинг во Агенцијата, треба да дадат и предлог-мерка, доколку е констатиран прекршок. Секој извештај каде е констатиран прекршок на крајот мора да содржи предлог мерка. По старото законско решение беше едноставно, затоа што беше врзано со календарската година и на сите им било јасно дека ако е прв прекршок, во извештајот се предлага писмена опомена, ако е втор прекршок предлагаш во истата календарска година покренување прекршочна постапка. Со новиот Закон, во член 23 не е така поставено, така што ниту еден од секторите што врши надзор, ако Советот не донесе заклучок на кој начин ќе се применува член 23, не може да ја заврши обврската и во извештајот да предложи мерка. Заради тоа е неопходно Советот да се изјасни и да донесе заклучок на кој начин ќе се применува член 23.

Г-дин Петрушевски рече дека минатиот пат неофицијално имале некаква согласност, и мисли дека и г-дин Трајчев бил присутен, и врз основа на нивната дискусија е формулиран овој заклучок. Сега го сменил ставот и кажува дека ова не е добро.

Г-дин Трајчев рече дека неговиот став е ист како тогаш и не го сменил ставот. Стариот Закон каде што кажува една календарска година член 23 се применувал така. Во новиот Закон кој стапи на сила 08.01.2019 тоа не го содржи. Тоа значи дека според новиот Закон може да се уреди со подзаконски акт, а не со заклучок. Според новиот Закон не е предвидено дека тоа се пресметува во една календарска година, туку можеби во подзаконскиот акт кој ќе се донесе врз основа на новиот Закон, од страна на новиот Совет, затоа што новиот Совет треба да го донесе тој подзаконски акт и може да не го предвиди во текот на една календарска година, може кумулативно ќе го остави, не се знае. Тие како Совет не може да донесат заклучок генерално, туку може да се донесе заклучок на основа на тоа што разговарале, се согласува дека е така, дека со стапување на новиот Закон кој стапи во сила на 08.01.2019 година и каде што

не е предвидена една календарска година, започнува од почеток од причина што таа календарска година до 7 јануари веќе, односно со 31.12.2018 е истечена по стариот Закон. Практично на сите по стариот Закон им се ресетираат, им се прекратуваат мерењата, се почнува од почеток и со новиот Закон кај сите започнува од почеток. Овој заклучок кажува генерално за примена и тоа според него е лоша формулација.

Г-дин Петрушевски рече дека неговиот став е следен – ова е битна работа и не сака работата да се донесе во гласањето со 4–2 или со 3-3 да не ја донесат. Најдобро решение е да не се донесе никаков заклучок сега, да размислат сите и службата и директорот, правниот сектор кој сега не е присутен, и ова повторно да се разгледа на продолжение пред наредната седница. Смета дека до понеделник е доволно време да се размисли и да се направи или корекција на ова или да се убедат сите и да го изгласаат, не сака надгласување.

Г-дин Трајчевски објасни дека не станува збор за надгласување, туку има извештаи за изрекување на мерки од декември, сега е февруари, ќе дојде март. Вака директно се прави штета на буџетот ако треба да се изрече прекршочна.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека заради немање насоки има многу извештаи кои не се предадени.

Г-дин Трајчевски рече, тука кај што пишува во Точка 1 - „јавна опомена, доколку прекршокот е сторен за прв пат во текот на една календарска година", зборовите „една календарска година" да се заменат со „2019".

Раководителката Јаневска рече дека можеби е подобро нова Точка 4 да се стави, ако веќе има дилеми околу тоа до кога важи заклучокот, да се стави дека заклучокот се применува додека новиот состав на Советот не донесе подзаконски акт. Вака е поедноставно затоа што новиот состав може да не биде избран во 2019 година и повторно следната година да се носи ист заклучок. За да бидат покриени до изборот на новиот состав.

Г-дин Трајчевски рече дека дискусијата на г-дин Трајчев не е во таа насока.

Г-дин Трајчев рече дека г-дин Трајчевски рекол дека ќе се оштети буџетот. Му се обрати на директорот и рече дека како директор и како Агенција можеле навреме да го дадат ова за да не се оштети буџетот, односно на 9 јануари 2019 година кога стапил во сила новиот Закон. Ова правно прашање е ставено пред 3 дена првпат на Советот, неофицијално, сега првпат се дава како заклучок, но формулацијата на заклучокот што е даден не е соодветен на тоа што разговарале. Ако сакаат да донесат заклучок кој треба да биде соодветен, треба да се даде пауза да се напише и изготви или во понеделник кога ќе има повторно седница да го изгласаат како што треба. Ако се инсистира оваа форма на заклучок да се донесе, рече дека тој лично не се согласува.

Г-дин Трајчевски рече дека има недоразбирања во начинот на тоа што го презентираат. Не е проблемот само да се додаде Точка 4 дека ќе важи овој заклучок до донесување на друг подзаконски акт од страна на новиот состав на Советот, туку станува збор дали ќе се кумулираат прекршоците каде што пишува во текот на една календарска година. Не е само да се додаде нова точка, тоа се две суштински разлики, да се додаде нова точка нема да се постигне тоа што го бара г-дин Трајчев. Значи тоа што го бара г-дин Трајчев е во Точка 1 каде што пишува - јавна опомена, доколку прекршокот е сторен за прв пат во текот на една календарска година, да

пишува во текот на 2019 година, доколку разбрал, значи не да важи општо за една календарска година, туку за оваа година кога на 8 јануари стапил новиот Закон. И во второто тире исто да биде така.

Г-дин Трајчев рече дека има ситуација каде што има старо законско решение, каде што во член 23 предвиделе дека во текот на една година се поведува прекршочна постапка доколку претходно е изречена опомена. Стариот Закон престанува да важи со донесување на новиот Закон кој стапи во сила на 08.01.2019 година. Во новиот Закон кој што е стапен во сила на 08.01.2019 година не е предвидена една календарска година, туку е дадено кумулативно, така е предвидено во Законот, така предвидел законодавецот. Можеби наредниот Совет ќе донесе подзаконски акт каде што тоа ќе го предвиди. Самиот Закон задолжува да се донесат подзаконските акти во рок од 60 дена од формирање на новиот Совет. Во ситуацијава каде што има состојби на изречени претходно опомени по стариот Закон, со истекот на претходната година 2018, значи со 31.12.2018 година, а од 01.01.2019 година се`уште важи стариот Закон, се смета дека на нив им се ресетираат, односно престануваат да се применуваат кумулативно затоа што престанува календарската година и веќе на 01.01.2019 година по стариот Закон започнува да се брои од почеток, како нова календарска година. Со стапување на сила на новиот Закон, продолжува како нова календарска година и од почеток почнуваат да се пресметуваат мерките, ако се изрече нова опомена на некој радиодифузер во текот на 2019 година, понатаму би се започнала постапка за прекршочна, доколку претходно е изречена опомена. Идејата на тој заклучок е така, со тие зборови да се формулира, ова вака како што е напишано соодветно не го кажува тоа, односно прави забуна. Овој заклучок може да биде со две реченици и да биде јасно. Вака не е јасно. Ако се инсистира денес да се реши побара да се направи пауза за да се формулира.

Г-дин Фиданоски рече дека има дилема, дека до крај не ја разбира дискусијата на г-дин Трајчев, да не го разбира погрешно. Го праша дали неговиот предлог, односно неговата дискусија оди во насока да се избрише од предложениот заклучок формулацијата „истата календарска година", да не постои и другото да си остане или пак да се избришат сите овие ставови што се однесуваат и за 2019 и така натаму и само да стои онака како што е напишано во Законот?

Г-дин Трајчев рече дека треба да стои онака како што е напишано во Законот.

Раководителката Јаневска праша зошто тогаш да се носи заклучок? Законот не дава насока каква мерка да се предложи затоа што може да се толкува секако како што кажал г-дин Трајчев, може кумулативно а може некој да одлучи да се толкува календарски. Ако се препише членот од Законот повторно нема насока, нема идеја каква мерка да се преземе и да се предложи во извештаите.

Г-дин Трајчев рече согласно неговото толкување, Законот јасно ја дава состојбата како треба да се постапува. Претходниот Закон кумулативно предвидел за една календарска година и сега нов Закон каде не предвидел една календарска година што може да се толкува кумулативно понатаму. Но, на 01.01.2019 година каде што се`уште важи стариот Закон на сите радиодифузери претходните мерки веќе не се гледаат затоа што почнува нова календарска година. 2019 година каде што од почеток има мерење од 01.01.2019 до 08.01.2019 кога стапи во сила новиот Закон нема нови мерки кои се изречени. Практично и по новиот Закон почнува да се гледа од почеток. Тоа така не е напишано.

Раководителката Јаневска рече дека мора да се има предвид дека согласно Законот има обврска по изречена мерка опомена на радиодифузерот, откако ќе истече рокот даден во решението за усогласување на радиодифузерот и се смета од денот кога радиодифузерот ќе го прими решението за изрекување мерка и Агенцијата е должна да направи контролен надзор и да констатира дали радиодифузерот се усогласил или не се усогласил, дали постапил во целост, делумно или воопшто не постапил по решението за изрекување мерка. Ова мора да се гледа во контекст на таа законска одредба, Агенцијата има обврска сите мерки кои биле изречени во 2018 година, а имаше повеќе мерки изречени во декември 2018 година на кои рокот им истекувал во јануари по донесување на новиот Закон. Агенцијата има обврска да направи контролен надзор, тоа е она што е напишано во Точка 2, дека и покрај тоа што е контролен надзор и треба да се изрече втора мерка доколку се констатира истиот прекршок, дека одново ќе се изрече мерка јавна опомена. Тоа е напишано во Точките 2 и 3.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе предложи да го стави на гласање заклучокот како што е, ако се изгласа добро, г-дин Трајчев ќе остане на неговото размислување, ако не помине во понеделник ќе се направи нов заклучок. Тој е за да се прифати вака како што е и не може да очекува Стручната служба да ја преземе целата одговорност за толкување на Законот.

Г-дин Фиданоски рече дека повторно има дилема и ќе го замоли г-дин Трајчев да објасни, дали го разбрал добро кога рекол во дискусијата дека од 9 јануари на нула се сите радиодифузери и им се брои од тогаш сè. Меѓутоа има дилема што ќе се прави со претходните постапки?

Г-дин Трајчевски рече дека тоа не е проблем бидејќи се ресетира. Проблем е за 8 јануари навака. Претходните постапки по Закон се бришат, затоа што до 7 јануари 2019 годна важел стариот Закон.

Раководителката Јаневска рече дека две работи се практично, од 8 јануари па натаму начинот на кој ќе се изрекуваат мерките, тоа е Точка 1 алинеи 1 и 2, па и Точката 2. Додека точка 3 е за оние ситуации за кои сега ќе се прави контролен надзор затоа што роковите истекле во јануари по донесувањето на новиот Закон, тоа е Точката 3.

Г-дин Трајчев рече дека според него е проблематична и Точка 3.

Раководителката Јаневска рече дека таа е практично на иста линија со она што го дискутирале минатиот пат, дека и покрај тоа што е контролен надзор и ако повторно е констатиран прекршок, нема да се покрене прекршочна, туку ќе се оди пак со јавна опомена. Тоа е Точка 3.

Г-дин Ајдини рече дека смета дека минатата седница се договориле, меѓутоа сега настанал проблем, не само со формата, туку и со суштината, и не се разбираат. Смета дека предлогот на г-дин Петрушевски е коректен и дека до понеделник може да се почека. Рече дека задоцниле доста, како што кажал директорот скоро два месеци, па да се почека уште два три дена нема да биде толку проблематично и да се разгледа на продолжението на оваа седница. Доколку смета г-дин Петрушевски може да го стави предлогот на гласање, меѓутоа бидејќи е доста сензитивна точка не треба да се избрза, треба да се размисли и работите да станат појасни.

Г-дин Петрушевски рече дека тоа бил неговиот првичен предлог да се почека до понеделник.

Г-дин Јанчески праша во кој подзаконски акт е регулирано ова согласно стариот Закон? Тоа не е регулирано туку директно препишано согласно Законот?

Раководителката Јаневска одговори дека по стариот Закон немаше подзаконски акт за овој член затоа што во Законот беше јасно напишано дека тоа важи, односно мерките се изрекуваат за календарската година, а сега не стои тоа во текот на годината и дава простор за различно толкување.

Г-дин Јанчески рече дека според него не дава такво толкување, според него е кумулативно до бескрај.

Раководителката Јаневска одговори дека таа одлука за таквото толкување треба да ја донесе Советот, а не Стручната служба. Законот бара Стручната служба во секој извештај да предложи мерка, но Стручната служба не може да предложи мерка доколку не знае кој е ставот на Советот на кој начин ќе се толкува одредбата.

Г-дин Трајчевски рече, ако се тргне фразата „во текот на една календарска година“ во Точка 1 во првото и второто тире и се напише „во 2019“ пак ќе биде кумулативно.

Г-дин Јанчески се согласи и рече дека до декември 2019 година ќе нема да има проблем.

Г-дин Петрушевски рече колку што разбрал се предлага зборовите „во текот на една календарска година“ да се заменат со „2019 година“ и тамо каде што пишува „во истата календарска година“ да се замени со „2019 година“. Ова за него е прифатливо и праша дали се согласуваат со овие измени да се гласа денес, не во понеделник?

Г-дин Ајдини рече дека се`уште му е нејасно, не е сигурен, но ако сите членови се согласат и тој ќе го поддржи заклучокот.

Г-дин Петрушевски го праша г-дин Јанчески за неговото мислење.

Г-дин Јанчески рече дека има дилема и не е сигурен.

Г-дин Петрушевски рече ако Советот ја прифаќа замената со „2019 година“ ќе го стави на гласање заклучокот, доколку нема согласност нема да го стави. Рече дека да е со еден воздржан ќе се толерира, но повеќе од еден покажува дека нешто не е во ред и мора уште еднаш да се размисли. Во таа насока го праша и г-дин Трајчев за предлогот дали му е прифатлив?

Г-дин Трајчев рече дека е во ред, но има проблем во Точка 2. Предложи да се направи пауза од половина час за да се решат работите. Сите дискутираат исто, но потребно е на зборовите да се даде правилна форма. Во Точка 2 се кажува „истече следната календарска година“, но новиот Закон не дава таква можност, ова е направено по стариот Закон.

Раководителката Јаневска рече дека Точките 2 и 3 се врзани со она што го дискутирале минатиот пат, за констатираните прекршувања по контролните надзори.

Г-дин Трајчев рече дека така не е напишано.

Раководителката Јаневска објасни дека заклучокот е направен генерално, затоа што минатиот пат Советот имал поделени ставови дали треба да стои дека

актот важи до изборот на новиот состав на Советот или не, и затоа е напишан генерално. Ако сега се врзува со 2019 година, секако точките 2 и 3 ќе треба поинаку да се формулираат.

Г-дин Фиданоски рече дека смета дека за ваква работа не треба да има подвојување или различни мислења. Се согласува, ако чекале месец и повеќе од стапувањето на сила на новиот Закон, не е страшно да се почека до понеделник. Тој е точката да се одложи и во понеделник да се донесе заклучокот преформулиран како што се смета дека е во согласност со Законот. Замоли, апелираше ако има волја г-дин Трајчев да даде сугестија до службата како би гласела формулацијата на тие точки и во понеделник да се гласа.

Г-дин Петрушевски рече дека го одложува конечното решение за оваа точка за продолжението на 9-та седница кое ќе се одржи во понеделник, пред почетокот на 10-та седница. До тогаш ги замоли сите да бидат во меѓусебна комуникација, да бидат активни, тој, г-дин Трајчев, директорот, Емилија Јаневска и сите останати, по електронска пошта за да во понеделник има едно решение што ќе биде прифатливо за сите.

**Точка 6**

Г-дин Петрушевски во врска со Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5601/1 од 28.12.2018 година со Писмено изјаснување од ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип, рече дека треба да се одложи затоа што е поврзана со претходниот заклучок кој се одложи за во понеделник. Се работи за надзор направен на 28.12.2018 година, прекршокот е направен за првпат. Неговото првично мислење е ова да се ресетира, да не важи ама пред седницата имаше мислење од раководителката Јаневска дека сепак треба да им се даде опомена.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека Извештајот е направен по претставки од граѓани во декември 2018 година и е предаден во архива на Агенцијата на 28 декември 2018 година. Прекршокот се случува за првпат. Според неа иако рече дека не е правник, но според неа не е поврзано со претходниот заклучок затоа што не станува збор за претходно изречена мерка, туку констатирано прекршување што се случува по првпат и според Законот е чисто и може да се оди со првата мерка-јавна опомена.

Г-дин Петрушевски рече дека во предлог-мерката што би се усвоила ако Законот не се сменеше, Секторот му предлага на директорот да донесе мерка опомена. Сега со новиот Закон мерката ја носи Советот. Очигледно дека овде нема таков документ, затоа што директорот и Службата не биле сигурни каков ќе биде нивниот став.

Раководителката Јаневска рече дека има предлог кој бил заборавен да биде ставен во материјалите и е доставен до претседателот на Советот.

Г-дин Петрушевски примерокот со предлогот за мерката го достави на увид до членовите на Советот затоа што беше еден примерок. Исто така се изјасни дека тој е да се изрече опомена. Ако беше нејасно ќе беше за да се ресетира и ова.

Раководителката Јаневска објасни дека иако прекршокот е направен во декември 2018 сепак е постапено по новиот Закон со тоа што е побарано и писмено изјаснување од радиодифузерот.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе проговори за причината зошто е направен надзорот. Една од емисиите ја гледал, емисија каде што еден од гостите е негов колега, уредник на ТВ21. Беше поканет како гостин и зборуваше на лош српски јазик. Но бидејќи ја работел таа професија и знае како се обезбедуваат гости или откажуваат гости во последен момент на емисија, не знаејќи до последно кој, како, еден од пријавените да не биде гостин, а веќе е најавен како гостин. Него лично му се има случувано кога едно време бил ководител и коавтор на една авторска емисија која требаше да започне во 21 часот, а во 17:30 откажуваат сите четири гости кои треба да бидат во студио, па наново се бараат гости во трчаница. Не сака да биде ставен во позиција на бранител на медиумот, но го прераскажал неговото лично искуство и треба да се земе предвид кога размислуваат за овој случај. Второ рече тој пропуст не бил намерен. Дека внимавале по тоа прашање е тоа што истиот медиум на денот кога беше пропишан протоколот за пристап во НАТО, во Брисел од амбасадорите имаше линковски јавувања и меѓу другите имаше разговор со словенечкиот амбасадор во Македонија, која што земја е известувач за НАТО за Македонија и веќе имаа ангажирано преведувач кој што синхронизирано го преведуваше амбасадорот во интервјуто, што значи дека го испочитувале преводот. Трето, како дополнително олеснување мисли дека е прва од телевизиите кои зрачат на национално ниво без разлика дали е терестријална или преку кабел, ја прифатија сугестијата на Агенцијата да се приближат условно речено, да имаат поголема социјална инклузија, па во една од централните информативни изданија користат толкувач со знаковна азбука, што секако е за поздравување. Тие причини за него се мотив да одат со ресет за нив и да им дадат само укажување за овој случај, да имаат укажување дека следен таков прекршок ќе подлежи на опомена. Се изјасни дека е за ресет за овој случај.

Г-дин Трајчев рече дека ресетот се прави на веќе изречени опомени, односно прекршочна нема да изрече доколку истекла календарската година. Овде е малку проблематично што доколку беше изречена опомена претходно по стариот Закон тогаш ќе беше ресет, сега ако се гледа формално правно не е изречена мерка. Инаку се согласува со г-дин Фиданоски дека сето тоа е така, дека немало намера, но треба да се гледа како е во Законот, законодавецот го предвидел на веќе изречени мерки.

Г-дин Петрушевски рече дека за него реално има покрај нејаснотии на Законот кој што првично го тераа и тој да размислува како г-дин Фиданоски на некој ресет, не некој ресет официјален, туку ресет во нивното размислување дали ќе донесат мерка, но реално она што го чувствува е дека не заслужуваат опомена за ова, знаејќи колку овие јазици се блиски со нашиот. Истите тие јазици сите од нив ги разбираат без никаков превод, да беше англиски и германски не се разбира. Но Законот е прецизен дека мора да има превод. Новинарот се потрудил, не успеал до крај, може го сметале како дека не бил експерт, не би професионален до крај, ама намерно сигурно не го прекршил Законот. Повеќе му оди да биде воздржан отколку да гласа за опомена.

Г-дин Трајчевски рече дека Законот е јасен. За секој сторен прекршок сигурно има оправдување, некогаш станува збор и за техничка природа, но ако се оди по таа логика тогаш за Точката 3 не требаше да се покренат постапки за одземање на дозволата, бидејќи луѓето не платиле затоа што не сакале, туку затоа што немале пари. Имаат оправдување, но го прекршиле Законот. Ако се погледне Progress Report

за 2011 и 2012 година, баш за ваквото однесување на Советот за радиодифузија беше причина да има сериозни забелешки дека еднаш Законот го толкува лево, еднаш десно, за ист член од Законот. Од таа причина се дава шанса првиот пат да биде опомена и доколку станува збор за грешка или ненамерно прекршување на Законот нареден пат тоа нема да се повтори.

Г-дин Петрушевски рече дека со изречената опомена, освен морална штета немаат материјална штета.

Г-дин Фиданоски рече дека не е спорно за него што вели Законот. Тој имал дилема и затоа ја споделил и ги навел аргументите што после тоа е направено и што била можна причина. Апропо разговорот што го воделе околу ресетот е затоа што ова се случило минатата календарска година, по стариот Закон итн. Бидејќи се одложи претходната точка, што и како ќе се прави, а со оглед дека пораката е сфатена, сметал дека е можно да помине и без опомена, односно да влезе во групата на ресет. Но, нема да се спротистави ако толкувањето е дека со таква одлука на Советот влегуваат во води на различно толкување за исти работи и за ист член.

Г-дин Петрушевски рече, бидејќи материјалите не беа доставени целосно, односно предлогот за мерка беше изоставен, точката ја одложува за понеделник.

**Точка 7**

**Разно**

**Бр. 02-997/12**
**27.02.2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**